CEA
Center for Economic Analyses

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Проектот е финансиран од:
Фондација Отворено Општество Македонија



# ПРЕГЛЕД
## на потенцијалите на Општина Сопиште за рурален развој

*краток преглед со фокус на руралниот развој*

Автори:
**Данчо Спасески**
**Ана Марија Петровска**
**Габриела Димовска**

Септември, 2018



Проектот е финансиран од:
Фондација Отворено Општество Македонија

# ПРЕГЛЕД
## на потенцијалите на Општина Сопиште за рурален развој

*краток преглед со фокус на руралниот развој*

Автори:
Данчо Спасески
Ана Марија Петровска
Габриела Димовска

Септември, 2018

## Содржина


Вовед ... 5
Потреба од информирање на јавноста за важноста на руралниот развој и унапредувањето на локалниот економски развој на Општина Сопиште ... 5
Општа цел ... 5
Основни принципи ... 6
Пристап и приоритетни области ... 6
Профил на општината и географски карактеристики ... 7
Локација на општината – Дел од Скопски плански регион ... 7
Клима ... 10
Обработливи површини ... 10
Шуми ... 11
Хидропотенцијал ... 11
Територијална анализа на локалната област ... 12
Население ... 12
Економија и вработување ... 13
Вработување ... 15
Потенцијали ... 16
Земјоделство ... 17
Туризам ... 22
Перцепции на граѓаните од Општина Сопиште за унапредување на локалниот економски развој на општината ... 23
Стратешко планирање - визија, приоритети и стратешки цели ... 24
Мисија ... 24
Визија ... 25
Вредности ... 25
Стратешки приоритети ... 25
Стратешки цели ... 26
SWOT Анализа (Анализа на силни и слаби страни, можности и закани) ... 27
Заклучни согледувања ... 28

## Вовед

### *Потреба од информирање на јавноста за важноста на руралниот развој и унапредувањето на локалниот економски развој на Општина Сопиште*

Од особена важност е јавноста, посебно граѓаните на Општина Сопиште да бидат информирани за процесот и потребата од унапредувањето на руралниот развој на општината, како и за потенцијалот за локален економски развој на Општина Сопиште, пред се поради транспарентност на овој долгорочниот процес за рурален развој но, и од аспект на партиципативноста на граѓаните во процесот на одлучување и предлагање приоритети на локално ниво. Одржливоста на целокупниот процес на руралниот развој во руралните средини, покрај тоа што е задолжена локалната власт за спроведување, подразбира и активно граѓанско учество и затоа:

- Процесот на користење на оваа Мини анализа, која е прв чекор за идна стратегија за локален развој, или под-стратегија за рурален развој ќе доведе до инклузивно носење на политики  и одлуки кои ќе имаат влијание врз животот на руралното население и врз стопанските субјекти, па според тоа, многу е важно јавноста да биде вклучена во целиот процес преку информирање за плановите и стратешките цели на Општината, одлучувањето како и користите за граѓаните од спроведување на активностите, и секако трошоците за нивна реализација.
- Јасната поддршка на јавноста на целокупниот процес ќе демонстрира и повисоко ниво на запознаеност и разбирање на надлежностите на локалната самоуправа, особено во сферата на руралниот развој и ќе придонесе за прифаќање на одговорноста за состојбите во Општината од страна на сите субјекти, соработка за општ интерес и др.

Изработката на оваа анализа која е основа за идните детални стратешки документи за рурален развој е од особена важност, затоа што ги даваат насоките во кои граѓаните на општина Сопиште, особено руралното население и стопанските субјекти, покрај локалната самоуправа, треба заеднички да придонесат за исполнување на предвидените цели и задачи. Учеството на јавноста во креирање на стратешките документи но, и во нивната имплементација, придонесуваат за интеракција и надополнување на различните секторски заложби за одржлив развој на заедницата.

## Општа цел

Основна цел на овој документ е идентификување на конкурентските предности на руралните области во општината, кои ќе ги одржат постоечките позитивни вредности и истовремено ќе креираат нови можности.

Овој Документ има задача следејќи ги насоките и европските трендови, аргументирано да го насочи руралниот развој како еден од врвните приоритети на општина Сопиште. Истовремено со ставање во функција на севкупните потенцијали на општината да придонесе кон забрзан економски развој, намалувањето на миграцијата, креирање услови за нови работни места и за иницијативи за одржлив социо-економски развој со зачувување и унапредување на животната средина.

Идентификување на концептот, насоките и приоритетите за рурален развој, поттикнување на претприемништво, искористување на можностите за аплицирање на проекти за рурален развој, економски иницијативи за одржлив развој, развој на земјоделието и диверзификација на економските активности со цел создавање услови за креирање на приходи (основни или дополнителни) за локалното население од рурална средина.

## Основни принципи

Оваа анализа на потенцијалите за економски развој со фокус на руралниот развој се заснова врз следниве основни принципи:

1. Осврт на сопствените ресурси и капацитети и нивно максимално искористување, земајќи ја предвид реалната економска моќ на локалната самоуправа и на руралното население, но, и на перспективите и можностите за рурален развој;
2. Вклучување на засегнатите страни како што се органите и институциите на локалната самоуправа, граѓаните, граѓанските организации, бизнис заедницата, медиумите, чие инволвирање би придонело за целосно искористување на постојаниот потенцијал за рурален развој на општината.
3. Јасно и објективно разбирање на потребите на заедницата за рурален развој на општината, произлезено од анкета на граѓаните од руралните средини.
4. Мини анализа која ќе даде генерален осврт на потенцијалите за рурален развој на општината, и ќе биде основа за развивање на стратегија или потстратегија за рурален развој на Општина Сопиште.

## Пристап и приоритетни области

Руралниот развој претставува суштинска компонента на одржливиот и инклузивен развој во ЕУ и во Р. Македонија. Оттаму, следејќи ги добрите пракси за управување, општина Сопиште, го прави првиот чекор за отпочнување на процесот на долгорочно планирање, преку изработка на мини анализа, која ќе послужи како основа на изработка на стратегија за рурален развој, и/или стратегија за локален економски развој, кои ќе бидат усогласени според европските стандарди и методологии за нивна изработка.

Примарен фокус на оваа анализа во областа на руралниот развој во Општина Сопиште, се мобилизација на севкупните ресурси (природни, просторни, технички, кадровски и др.) кои предвидуваат одржливост и иновативност во руралниот развој на заедницата.

Пред започнување со определување на приоритетните области потребно е да се земат предвид ограничените појдовни финансиски и кадровски капацитети и мултиплирачкиот ефект од спроведувањето на активностите во една област, како и вклученоста на заедницата во процесот со растечка динамика, заради оптимално искористување на ресурсите и најголемо влијание врз заедницата.  потребно е селектирање на одредени активности од приоритетните области кои ќе се преклопуваат во текот на реализацијата, но, и ќе претходат една на друга.

Приоритетни области на делување идентификувани врз основа на стратешките документи на Општината, и анкетите на граѓаните се следни:

- Зголемување на конкурентската способност на земјоделскиот и на шумарскиот сектор;
- Заштита и унапредување на животната средина и руралните предели;
- Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини и поттикнување на диверзификација на економски активности во руралните средини;
- Поттикнување на локален развој на рурални средини;
- Поттикнување на туризмот, во услови на еколошки развиена Општина.

Неминовна е потребата од рангирање на приоритетните области, односно на предвидените активности во нивен склоп, согледувајќи ги нивните краткорочни и долгорочни цели и ефекти.

Во почетниот период од приоритетно значење е донесувањето на нормативни акти на локалната самоуправа и функционалното оспособување на органот (на пример, канцеларијата за рурален развој), кој ќе управува со реализацијата на активностите за рурален развој во Општина Сопиште. Заради неопходноста од селектирање и давање на приоритет на одредени области и активности во определен временски момент во контекст на промените кои ќе ги предизвикаат, потребно е да се пристапи кон развивање на Стратегија за рурален развој; ажурирање, надополнување и евалуација на постоечката Стратегија за локален економски развој, и континуитет во нејзиниот натамошен развој, следење и евалуација на постигнатите цели. Исто така, заради континуитет во реализацијата како и заради следење и оценка на имплементацијата на активностите, потребно е донесување на Годишни програми за рурален развој во Општина Сопиште со утврдени специфични цели и приоритети во склад со целите и приоритетите утврдени со овој документ.

## Профил на општината и географски карактеристики

### *Локација на општината – Дел од Скопски плански регион*

Скопскиот регион[1] е еден од осумте плански региони во Република Македонија формиран согласно Законот за рамномерен регионален развој во 2007 година и претставува основна единица за планирање на развојот во Стратегијата за регионален развој.




Слика 1. Плански региони во Р. Македонија

Скопскиот регион го зафаќа крајниот северен дел на Република Македонија и се простира во Скопс-

1) Извор: Центар за развој на Скопски плански регион, http://www.skopjeregion.gov.mk/mk

ката Котлина. Овој регион е најмал по површина и зафаќа само 7,3% од вкупната територија, но, според податоците за 2016 година, тој е најнаселен со 30,0% од вкупното население во земјата и истовремено е и најгусто населениот регион со 343,5 жители на км2 . Овој регион претставува главна крстосница на Република Македонија, со најповолна сообраќајна инфраструктура. Во регионот се концентрирани најголемиот дел од индустриските, трговските и услужните капацитети..

Во однос на внатрешните миграциски процеси, Скопскиот регион претставува најголемо миграциско подрачје. Особено карактеристично за Скопскиот регион е тоа што во 2014 година, БДП по жител беше најголем и изнесуваше 366.482 денари. Исто така, регионот имаше најголемо учество од 42,8% во вкупниот БДП.

Најзначајни сектори во регионот се прехранбената, текстилната, печатарската, металопреработувачката индустрија, градежништвото, угостителството, трговијата, транспортот и деловните услуги. Условите за развој на земјоделството во Скопскиот плански регион се прилично лимитирани заради високото ниво на урбанизација на регионот и големата фрагментираност на земјоделските површини што не оди во прилог на развивање на интензивно земјоделско производство.

Во овој регион главно се застапени житните култури и во извесна мера лозарството, додека индустриските култури се многу малку застапени и нема поголеми потенцијали за нивно ширење. Карактеристично за овој регион е што потенцијалот за развој на градинарството што го детерминира побарувачката на најголемиот пазар во земјата не е доволно искористен, иако подрачјето климатски одговара за овој тип култури. Што се однесува до сточарството, не е доволно развиено иако постои висока побарувачка за сточарски производи од страна на преработувачките капацитети.[2]

Според Државниот завод за статистика основните статистички податоци за Скопскиот регион се следни:

**Табела 1. Основни статистички податоци на Скопски регион**

| | |
|---|---|
| Број на општини | 17 |
| Број на населени места | 142 |
| Вкупно население, Попис 2002 | 578.144 |
| Процена на населението, 2016 | 622.750 |
| Густина на населеност, 2016 | 343,5 |
| Вкупен број на живеалишта, Попис 2002 | 188.394 |
| Просечен број на членови на домаќинството, Попис 2002 | 3,5 |
| Живородени, 2016 | 8.466 |
| Умрени, 2016 | 5.975 |
| Стапка на природен прираст, 2016 | 2.491 |
| Доселени од други држави, 2016 | 1.303 |
| Отселени во други држави, 2016 | 134 |
| Стапка на писменост на населението | |
| на возраст над 10 години, Попис 2002 | 97,2 |
| Стапка на активност, 2016 | 53,5 |

2) Регионите во РМ, 2017, Државен Завод за Статистика

| | |
|---|---|
| Стапка на вработеност, 2016 | 41,6 |
| Стапка на невработеност, 2016 | 22,3 |
| Просечно исплатена бруто-плата по вработен 2016 | 38.602 |
| Просечно исплатена нето-плата по вработен 2016 | 26.243 |
| Број на основни училишта, 2016/2017 | 158 |
| Број на средни училишта, 2016/2017 | 37 |
| Запишани ученици во основното образование, 2016/2017 | 64.659 |
| Запишани ученици во средното образование, 2016/2017 | 26.656 |
| Број на дипломирани студенти, 2016 | 2.764 |
| Број на активни деловни субјекти, 2016 | 26.842 |
| БДП по жител, 2014 (мкд) | 366.482 |
| Број на туристи, 2016 | 247.338 |
| Број на ноќевања, 2016 | 479.284 |
| Број на легла, 2016 | 6.510 |
| Број на изградени станови, 2016 | 2.952 |

*Извор: Државен Завод за Статистика*

Општина Сопиште е лоцирана во централниот северен дел на Република Македонија и припаѓа на Скопскиот плански регион. Општината се наоѓа на јужната страна од планината Водно и го зафаќа југозападниот дел на Скопската котлина.

## Табела 2. Основни статистички податоци

| | |
|---|---|
| Број на населени места | 13 |
| Вкупно население, Попис 2002 | 5656 |
| Процена на населението, 2017 | 6224[3] |
| Вкупен број на живеалишта, Попис 2002 | 3398 |
| Просечен број на членови на домаќинството, Попис 2002 | 3.7 |
| Вкупен број на индивидуални домаќинства, Попис 2002 | 1510 |
| Вкупен број на членови на домаќинства, Попис 2002 | 5656 |
| Живородени, 2017 | 99 |
| Умрени, 2017 | 55 |
| Вкупно доселени, 2004 | 54 |
| Вкупно отселени, 2004 | 48 |
| Стапка на писменост на населението на возраст над 10 години, Попис 2002 | 4638 |
| Број на основни училишта, 2009/2010 | 8 |
| Број на средни училишта | 0 |
| Запишани ученици во основното образование, 2009/2010 | 589 |

*Извор: Државен Завод за Статистика*

3) Процентуално учество по општини во вкупниот број на население на општините Аеродром, Бутел, Кисела Вода, Центар, Чаир, Шуто Оризари и Сопиште од пописот за 2002 година помножен по вкупниот број на проценка на населението на истите општини.

Општината, според големината на површината на нејзината територија од 223.53 км2 се вбројува во средно големи општини во Македонија. Општина Сопиште е рурална општина која има недопрена, чиста и незагадена животна средина. Една од предностите на општина Сопиште со целата нејзина територија е непосредната близина на главниот град Скопје. Централниот дел на општината е оддалечен само 10 километри од центарот на градот, а од друга страна амбиентот е сосема поинаков - станува збор за чист незагаден еколошки  просторот на надморска висина од 500 до 900 метри со јужна експозиција и ридско – планински релјеф со одлични локациски услови за населување и живеење.

Во општина Сопиште има вкупно 13 населени места – села од збиен тип, со отсуство на класичен урбан центар: Сопиште, Ракотинци, Добри Дол, Долно Соње, Горно Соње, Барово, Говрлево, Чифлик, Света Петка, Јаболце, Нова Брезница, Држилово и Патишка Река.

## Клима

Општина Сопиште е под влијание на континентално - средоземноморскиот тип на клима. Овде е изразена посебна локална клима со изменети средоземни и ублажени умерено континентални обележја која се манифестира со остри и влажни зими и суви и жешки лета. Ова подрачје со просечна годишна температура од 13,4oC и просечна релативна влажност на воздухот од 66%.

Летата се карактеризираат со високи вредности на максимални температури. Најтопол месец е август со просечна месечна температура од 39oC.

Режимот на врнежите е под средоземско климатско влијание. Просечната годишна сума на врнежи изнесува 511,9 mm. Врнежите се главно од дожд, додека врнежите од снег се мали.[4]

Во општина Сопиште постојат и одредени варијации, како што е Каршијак, низок ридест дел од басенот на Маркова река, со благопријатна умерено - континентална клима, сиромашен со водени ресурси, отворен кон околните простори. Тука се развиле 9 од 13-те населби во Општината.

## Обработливи површини

Вкупната аграрна површина во општината зафаќа 21.699 ха. Вкупната обработлива површина на општината изнесува 2.485 ха од кои 2.251 ха се ораници и бавчи, 34 ха се овоштарници и 68 ха се лозја и 132 ха се ливади кои се простираат во рамничарскиот терен, а на падините на планините и ридовите се простираат пасишта.

4) Податоците се преземени од БПИЈК испратен од страна на Општина Сопиште до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управа за хидрометеоролошки работи за период 2009-2013

Табела 3. Земјоделска површина на Општина Сопиште, 2013

| | |
|---|---|
| Земјоделска површина | 3000 ха |
| Вкупна обработлива површина | 2485 ха |
| Ораници и бавчи | 2251 ха |
| Овоштарници | 34 ха |
| Лозја | 68 ха |
| Ливади | 132 ха |
| Пасишта | 515 ха |

*Извор: Државен Завод за Статистика*

## Шуми

Во општина Сопиште под шуми се наоѓа 40% од територијата. Во структурата на шумите во Општината доминира дрвна маса чија коњуктурна и економска вредност е релативно висока, каде најголемите шумски подрачја на букови и зимзелени дрвја се шират над површините на селата Држилово и Патишка Река меѓу ридовите и високите планински пасишта. Природниот заштитен предел "Јасен"[5] граничи со општината и врезот во него е ограничен, така што нема рекреација, туристичка и образовна функција, туку неговата единствена функција е да ја заштити природата.

Другиот поголем регион од дабова и букова шума се протега низ источните падини на Венец и Ивански Осој и тоа се проширува многу брзо на соседните напуштени пасишта.

Во општина Сопиште, вкупниот број на домаќинства кои поседуваат шума во 2017 година изнесува 266.

## Хидропотенцијал

Површинската хидрографска мрежа во регионот на Општина Сопиште е слабо развиена, главно поради интензивниот процес на карстификација на планинските маси на Караџица, Сува Планина и Венец. Ако се исклучат Маркова река и Треска, кои ги означуваат границите на општината, останува заклучок дека единствен постојат водотек е Брзовечка река и горниот дел на Патишка река. Општината не располага со значителни водни ресурси односно 90% од општината е без поток или река. Интересна појава е вертикалната бифуркација на Патишка река, чии подземни води течат

5) Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "Јасен" - Скопје спаѓа во категоријата на посебни природни предели, формирани заради заштита на определени биоценолошки, флористички, фаунистички, геолошки и хидролошки природни реткости. Во "Јасен" не се преземаат дејствија што би можеле да ја нарушат природната рамнотежа во екосистемите, односно да ги изменат основните автентични карактеристики на еволуциониот развој во целина. Со стандардни и посебни биотехнички мерки се настојува да се обезбедат реални претпоставки за трајна заштита на работи од областа на екологијата, а посебно од областа на шумарството и ловството.

кон сливот на Треска, додека во влажниот дел од годината кога таа има повеќе вода, нејзиниот површински тек се влива во Маркова река. Патишка река понира во пештерата Врело во Матка.[6]

## Територијална анализа на локалната област

### *Население*

Населението во Општината Богданци е населено во 13 населени места: Сопиште, Ракотинци, Добри Дол, Долно Соње, Горно Соње, Барово, Говрлево, Чифлик, Света Петка, Јаболце, Нова Брезница, Држилово, Патишка Река.

Вкупниот број на жители во општината, согласно пописот од 2002 година изнесува 5.656. Од нив 24% живеат во населено место Сопиште каде се наоѓа и општинското седиште.

Последниот попис на население во Македонија е направен во 2002 година и оттогаш наваму, Државниот Завод за Статистика (ДЗС) прави проценка на населението по општини. Меѓутоа, после 2002 година, за одделни општини што го формираат градот Скопје (Аеродром, Бутел, Кисела Вода, Центар, Чаир и Шуто Оризари) и Сопиште не постои техничка можност да се направи агрегирање на податоците од статистичките истражувања за витални настани и миграции.[7] Поради овој недостаток, податоците за населението во општина Сопиште за сите понатамошни индикатори ќе се засноваат на податоци од последниот попис од 2002 година.

**Табела 4. Број на население по националност во општина Сопиште**

| Националност | Број на население |
|---|---|
| Македонци | 3.404 |
| Албанци | 1.942 |
| Турци | 243 |
| Роми | / |
| Власи | 4 |
| Срби | 32 |
| Бошњаци | / |
| Останати | 31 |
| Вкупно | 5.656 |

*Извор: Државен Завод за Статистика*

Во општина Сопиште, 60% од населението според националната припадност се Македонци, 34% се Албанци, додека другите националности се помалку застапени.

6) Стратегија за локален економски развој на општина Сопиште 2011-2015

7) http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.10.pdf

Во Општина Сопиште постојат вкупно 1.510 домаќинства додека бројот на станови изнесува 3.398 или 1,6 жители живеат во еден стан во просек.

Врз основа на односот на населението во урбани / рурални[8] средини, Општината Сопиште се вбројува во рурална општина. Општина Сопиште се вбројува во општини каде густината на населението се движи во ранг од 20,0 – 49,9 жители на км$^2$ и е релативно пониска од густината на национално ниво (78,7 жители на км$^2$).

Слика 2.

Густина на население по општини

*Извор:*

*Државен Завод за Статистика*




## Економија и вработување

Бруто домашниот производ на жител во Скопскиот регион, според податоците на Државниот завод за статистика, изнесува 386.876[9] МКД во 2015 година и е поголем од БДП на жител на РМ кој изнесува 269.996 МКД. Скопскиот регион генерира 209.346 милиони МКД додадена вредност во 2015 година, што претставува 43% од вкупната додадена вредност во 2015 година. Притоа, Скопскиот регион е прв по големина регион во Република Македонија, врз основа на критериумот додадена вредност.

8) Терминот „рурална област" се користи да означи подрачје надвор од мали, средни и големи градови. Ова е дефиниција усвоена во Програма за рурален развој на ЕУ 2014 -2020.

9) Државен завод за статистика: МАКСтат база, БДП 2015

Табела 5. Бруто додадена вредност по различни сектори за Скопски плански регион

| Сектор | Милиони МКД | % |
|---|---|---|
| Бруто додадена вредност | 172.814 | 42,8% |
| Земјоделство, шумарство; рибарство | 3.422 | 8,0% |
| Рударство и вадење на камен; Преработувачка индустрија; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација, снабдување со вода, управување со отпад, санација на околината | 23.092 | 32,2% |
| Градежништво | 10.897 | 40,8% |
| Трговија на големо и на мало; Поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање; Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 37.903 | 48,5% |
| Информации и комуникации | 14.614 | 90,3% |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 11.542 | 85,2% |
| Дејности во врска со недвижен имот; инпутирани ренти | 20.536 | 34,3% |
| Стручни, научни и технички дејности; Административни и помошни услужни дејности | 10.607 | 71,4% |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување; Образование; Дејности на здравствена и социјална заштита | 34.658 | 49,9% |
| Уметност, забава и рекреација, Други услужни дејности | 5.542 | 50,7% |

*Извод: Државен Завод за Статистика*

На следната табела може да се забележи бројот на активни делвни субјекти по сектор во Општина Сопиште. Најголем број на активни деловни субјекти има во секторите: 1) Трговија на големи и мало, поправка на возила, мотоцикли, предмети за лична употреба и за домаќинства; 2) Градежништво и 3) Преработувачка индустрија.

Табела 6. Активни деловни субјекти по сектор во општина Сопиште, 2009

| Деловни субјекти по сектор | |
|---|---|
| Земјоделство, лов и шумарство | 8 |
| Рибарство | - |
| Рударство и вадење на камен | 1 |
| Преработувачка индустрија | 14 |
| Снабдување со електрична енергија, гас и вода | - |
| Градежништво | 16 |
| Трговија на големо и мало; поправка на возила, мотоцикли, предмети за лична употреба и за домаќинствата | 32 |
| Хотели и ресторани | 6 |
| Сообраќај, складирање и врски | 9 |
| Финансиско посредување | - |
| Активности во врска со недвижен имот, изнајмување и деловни активности | 3 |
| Јавна управа и одбрана; задолжителна социјална заштита | - |
| Образование | 2 |
| Здравство и социјална работа | 7 |
| Други комунални, културни, општи и лични услужни активности | 4 |

*Извор: Државен Завод за Статистика*

| | |
|---|---|
| Приватни домаќинства кои вработуваат домашен персонал | - |
| Екстериторијални организации и тела | - |
| Вкупно | 102 |

Доколку се направи компарација со бројот на активни деловни субјекти на Општина Сопиште и националниот просек може да се забележи дека во Општина Сопиште најмногу се застапени микро и мали претпријатија и само едно средно претпријатие во 2017 година додека големи претпријатија воопшто не постојат.

Националниот просек за број на деловни субјекти на 1.000 жители изнесува 36 деловни субјекти на 1.000 жители или 32 мали и средни претпријатија на 1.000 жители. Бројот на активни Мали и средни претпријатија (МСП) е повисок од просечниот број на МСП во земјите на ЈИЕ (23 на 1.000 жители), но е далеку под просекот на ЕУ-28 од 45 на 1.000 жители. Просечниот број на претпријатија по илјада жители во 24 руралните општини (општини со седиште во село) е 18 во споредба со 36 во урбаните општини (со седиште во град).

Табела 7. Активни деловни субјекти по сектор, по години

| | Тип на деловен субјект | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | Вкупно | 70710 | 75497 | 73118 | 74424 | 71290 | 70659 | 70139 | 71519 | 71419 |
| | микро | 38107 | 39999 | 46322 | 53117 | 49935 | 49539 | 48611 | 49364 | 48577 |
| | мали | 31873 | 34702 | 25984 | 20341 | 20241 | 19937 | 20313 | 20892 | 21543 |
| | средни | 533 | 584 | 607 | 631 | 683 | 724 | 725 | 746 | 776 |
| | големи | 197 | 212 | 205 | 335 | 431 | 459 | 490 | 517 | 523 |
| | | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
| Сопиште | Вкупно | 102 | 121 | 99 | 111 | 103 | 117 | 110 | 119 | 112 |
| | микро | 66 | 70 | 68 | 90 | 86 | 92 | 84 | 82 | 77 |
| | мали | 36 | 51 | 31 | 21 | 16 | 25 | 26 | 36 | 34 |
| | средни | - | - | - | - | 1 | - | - | 1 | 1 |
| | големи | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

*Извор: Државен Завод за Статистика*

## Вработување

Според пописот од 2002 година работната сила: економските активни, неактивни и невработени лица се прикажани во табелата подолу.

Табела 8. Работна сила, економски активни, неактивни, вработени и невработени лица, според пописот од 2002 година

| население вкупно | работна сила | економски активни лица | | економски неактивни |
|---|---|---|---|---|
| 5656 | 4298 | 1815 | | 2483 |
| | | вработени | Невработени | |
| | | 930 | 885 | |

*Извор: Државен завод за статистика*

## Потенцијали

### *Потенцијали за развој на туризам*

Во Општина Сопиште во непосредна близина на градот Скопје, се наоѓа еден од најинтересните карстни предели во Р. Македонија (реон Нова Брезница, Јаболци, Краста). На овој простор СД "Пеони" од Скопје веќе повеќе години работи на откривање и истражување на спелеолошки објекти. Се претпоставува дека на просторот на Општина Сопиште постојат околу 50 спелеолошки објекти. Во рамките на Општината припаѓа и Националниот Природен Резерват Јасен. Тука се откриени дваесет спелеолошки објекти.

- Пештери

**Табела 9. Пештери во Општина Сопиште**

| Пештера | Спецификации |
|---|---|
| Светла | кристализирани прозирни калцитни кристали, како ретка минерална појава |
| Каленици | калцитни облици во вид на каленици |
| Брлог | кристализирани прозирни калцитни кристали |
| Велигденска | / |
| Бозгуни | изобилство на пештерски украси со колорит и со минерална вода |

*Извор: Државен Завод за Статистика*

- Манастирски локалитети

Во селото Говрлево се наоѓа манастирскиот комплекс Св. Трифун. Во манастирскиот комплекс спаѓаат манастирите Св. Трифун; св. Троица; св. Петар и Павле; св. Марина и црквичката св. Кузман и Дамјан изградена во 1936 година. За овие манастири како и двете лековити води кое течат таму, поврзани се многу преданија. Покрај овој манастирски комплекс, на територијата на општина Сопиште има уште неколку манастири како што се: Св. Јован и Св. Спас во Сопиште, Св. Илија во Ракотинци и манастирот Св. Тројца на границата меѓу Долно Соње и Говрлево. Во секое населено место со православно население постојат цркви, а некаде изградени се и нови, како што е случајот со цркавата Св. Богородица во село Ракотинци, а во тек се изградби и на две нови цркви на територијата на општина Сопиште. Најголем дел од црквите организираат собири со ручек за мештаните по повод празникот кој го означува црквата. На ваквите собири, присуствуваат и голем број на туристи надвор од Сопиште.

- Археолошки локалитети

Општината Сопиште на својата територија го има Говрлево, едно од нејзините 13 села, кое располага со прочуениот археолошки локалитет од пред 5000-7000 години пред новата ера. Ова археолошко наоѓалиште во себе содржи Археологијата со толкава старост која е ретка во светот и наоѓа во врвот на ранг-листите за истражувања и откритија кај научниот свет.

Пронајдени се многу керамички арте факти од каде се црпат информации дека од оваа епоха па до денес, технологијата на изработка на керамика во основа не е променета. Меѓу поретките пронајдени предмети на локалитетот "Говрлево" се Голиот Адам ( за кој научниците велат дека е единствен археолошки раритет во светот, кој спаѓа меѓу 10-те светски најзначајни археолошки наоди и претставува споменик на човештвото ) и Големата Мајка или Мајката Богинка. Овие две фигури се продукција и симбол на плодноста, основата на животот и човечките фундаметални вредности за сите времиња.[10] Општината поседува потенцијал да развива и селски, бански и планински туризам. Таа има природни потенцијали за овој вид развој.

Иако Општината Сопиште има добри услови за туризам, според податоците на Државниот завод за статистика нема регистрирано ноќевања на домашни или странски гости во Општината во текот на периодот од 2011 – 2018 година.

## Земјоделство

Иако Општина Сопиште се наоѓа во непосредна близина на град Скопје, сепак Општината се смета за рурална општина каде најголемиот дел од населението, посебно во подалечните села се занимава со земјоделство.  Во басенот на Маркова река доминираат површини наменети за поледелско и овоштарско производство, при што житните и градинарските култури се распространети најмногу во пониските делови, додека во повисоките делови се застапени насади со пченка, јачмен, овоштарници, градинарски и фуражни култури. Повисоките тераси со јужна или источна експозиција се засадени со винова лоза или повеќе видови на зеленчук.[11]

Сточарството е слабо развиено и застапено е со полуномадски тип на одгледување овци и говеда и тоа најмногу во Патишка река и Држилово. Релјефот на територијата на општина Сопиште овозможува да се прошири сточарството во поголеми размери.

Од 2014 до 2017 година не се забележани промени во податоците за земјоделската површина на општина Сопиште од страна на Државниот завод за статистика. Најголем дел од земјоделската површина на општина Сопиште се ораници и бавчи.

**Табела 10. Земјоделски површини во Општина Сопиште по категории на користење по општини според НТЕС 2013, во хектари**

| Опис / Година | 2017 |
|---|---|
| Земјоделска површина | 3.000 |
| Вкупна обработлива површина | 2.485 |
| Ораници и бавчи | 2.251 |
| Овоштарници | 34 |
| Лозја | 68 |
| Ливади | 132 |
| Пасишта | 515 |

*Извор: Државен завод за статистика*

10) Општина Сопиште/Култура

11) Стратегија за локален економски развој на општина Сопиште 2011-2015

## Табела 11. Површини и производство на посеви

| година | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| **ПЧЕНИЦА** | | | | |
| Засеана површина во хектари | 392 | 451 | 304 | 307 |
| Ожнеана површина во хектари | 392 | 451 | 304 | 307 |
| Вкупно производство во тони | 1544 | 1566 | 1214 | 751 |
| Кг по хектари | 3939 | 3473 | 3994 | 2447 |
| | | | | |
| **РЖ** | | | | |
| Засеана површина во хектари | - | - | - | 5 |
| Ожнеана површина во хектари | - | - | - | 5 |
| Вкупно производство во тони | - | - | - | 10 |
| Кг по хектар | - | - | - | 2060 |
| | | | | |
| **ЈАЧМЕН** | | | | |
| Засеана површина во хектари | 243 | 333 | 333 | 328 |
| Ожнеана површина во хектари | 243 | 333 | 333 | 328 |
| Вкупно производство во тони | 917 | 974 | 1120 | 764 |
| Кг по хектар | 3773 | 2925 | 3364 | 2330 |
| | | | | |
| **ОВЕС** | | | | |
| Засеана површина во хектари | 102 | 163 | 217 | 195 |
| Ожнеана површина во хектари | 102 | 163 | 217 | 195 |
| Вкупно производство во тони | 271 | 311 | 476 | 441 |
| Кг по хектар | 2656 | 1905 | 2192 | 2261 |
| | | | | |
| **ПЧЕНКА** | | | | |
| Засеана површина во хектари | 347 | 136 | 224 | 248 |
| Ожнеана површина во хектари | 346 | 136 | 224 | 248 |
| Вкупно производство во тони | 1095 | 184 | 386 | 317 |
| Кг по хектар | 3164 | 1352 | 1725 | 1277 |
| | | | | |
| **година** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **КОМПИРИ** | | | | |
| Засеана површина во хектари | 164 | 143 | 129 | 125 |
| Ожнеана површина во хектари | 164 | 143 | 129 | 125 |
| Вкупно производство во тони | 2699 | 1890 | 2081 | 1384 |
| Кг по хектар | 16457 | 13215 | 16134 | 11072 |
| | | | | |
| **КРОМИД** | | | | |
| Засеана површина во хектари | 25 | 24 | 24 | 24 |
| Ожнеана површина во хектари | 25 | 24 | 24 | 24 |
| Вкупно производство во тони | 310 | 174 | 230 | 160 |
| Кг по хектар | 12480 | 7229 | 9591 | 6650 |
| | | | | |
| **ЛУК** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Засеана површина во хектари | 8 | 8 | 9 | 9 |
| Ожнеана површина во хектари | 8 | 8 | 9 | 9 |
| Вкупно производство во тони | 39 | 31 | 51 | 34 |
| Кг по хектар | 4875 | 3908 | 5621 | 3811 |
| | | | | |
| **ГРАВ – ГЛАВЕН ПОСЕВ** | | | | |
| Засеана површина во хектари | 80 | 111 | 112 | 106 |
| Ожнеана површина во хектари | 80 | 111 | 112 | 106 |
| Вкупно производство во тони | 128 | 100 | 133 | 81 |
| Кг по хектар | 1597 | 897 | 1188 | 764 |
| | | | | |
| **ГРАШОК-ЗРНО** | | | | |
| Засеана површина во хектари | 12 | 12 | 12 | 12 |
| Ожнеана површина во хектари | 12 | 12 | 12 | 12 |
| Вкупно производство во тони | 37 | 27 | 35 | 27 |
| Кг по хектар | 3069 | 2273 | 2920 | 2208 |
| **година** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **ЗЕЛКА** | | | | |
| Засеана површина во хектари | 8 | 8 | 10 | 15 |
| Ожнеана површина во хектари | 8 | 8 | 10 | 15 |
| Вкупно производство во тони | 148 | 156 | 249 | 275 |
| Кг по хектар | 18488 | 19550 | 24912 | 18347 |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ДОМАТИ** | | | | |
| Засеана површина во хектари | 60 | 55 | 55 | 55 |
| Ожнеана површина во хектари | 60 | 55 | 55 | 55 |
| Вкупно производство во тони | 959 | 759 | 1004 | 762 |
| Кг по хектар | 15988 | 13805 | 18261 | 13855 |
| | | | | |
| **ПИПЕРКИ** | | | | |
| Засеана површина во хектари | 37 | 44 | 54 | 54 |
| Ожнеана површина во хектари | 37 | 44 | 54 | 54 |
| Вкупно производство во тони | 434 | 581 | 931 | 687 |
| Кг по хектар | 11727 | 13202 | 17248 | 12713 |
| | | | | |
| **КРАСТАВИЦИ** | | | | |
| Засеана површина во хектари | 6 | 6 | 6 | 7 |
| Ожнеана површина во хектари | 6 | 6 | 6 | 7 |
| Вкупно производство во тони | 57 | 43 | 56 | 52 |
| Кг по хектар | 9550 | 7100 | 9379 | 7429 |
| | | | | |
| **БОСТАН** | | | | |
| Засеана површина во хектари | 51 | 53 | 53 | 56 |
| Ожнеана површина во хектари | 51 | 53 | 53 | 56 |
| Вкупно производство во тони | 972 | 1102 | 1453 | 1029 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Кг по хектар | 19051 | 20796 | 27417 | 18375 |
| **година** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **ДЕТЕЛИНА** | | | | |
| Засеана површина во хектари | 122 | 122 | 122 | 122 |
| Ожнеана површина во хектари | 122 | 122 | 122 | 122 |
| Вкупно производство во тони | 872 | 393 | 533 | 354 |
| Кг по хектар | 7149 | 3220 | 4368 | 2902 |
| | | | | |
| **ЛУЦЕРКА** | | | | |
| Засеана површина во хектари | 148 | 148 | 148 | 148 |
| Ожнеана површина во хектари | 148 | 148 | 148 | 148 |
| Вкупно производство во тони | 1099 | 490 | 671 | 461 |
| Кг по хектар | 7426 | 3314 | 4534 | 3115 |
| | | | | |
| **ГРАОР** | | | | |
| Засеана површина во хектари | 54 | 56 | 48 | 48 |
| Ожнеана површина во хектари | 54 | 56 | 48 | 48 |
| Вкупно производство во тони | 305 | 187 | 219 | 149 |
| Кг по хектар | 5650 | 3336 | 4561 | 3094 |
| | | | | |
| **ДОБИТОЧЕН ГРАШОК** | | | | |
| Засеана површина во хектари | 40 | 51 | 45 | 45 |
| Ожнеана површина во хектари | 40 | 51 | 45 | 45 |
| Вкупно производство во тони | 222 | 173 | 198 | 142 |
| Кг по хектар | 5454 | 3398 | 4389 | 3156 |
| | | | | |
| **КРМНА ПЧЕНКА** | | | | |
| Засеана површина во хектари | 37 | 19 | 32 | 32 |
| Ожнеана површина во хектари | 37 | 19 | 32 | 32 |
| Вкупно производство во тони | 716 | 292 | 673 | 420 |
| Кг по хектар | 19341 | 15353 | 21046 | 13109 |

*Извор: Државен Завод за Статистика*

Најмногу се сади пченица, јачмен, пченка, овес и луцерка а во поново време се сади и ‘рж. Засеаните површини под пченица со текот на годините се намалуваат додека кај површините засеани со пченка се зголемуваат. И покрај тоа што засеаните површини под пченица се намалува, сепак во општина Сопиште најмногу се сади пченица каде приносот по хектар е далеку помал во споредба со другите полјоделски култури.

Врз основа на големината на приносот по хектар, Општина Сопиште има високи приноси по хектар во производството на компир, зелка, домати, пиперки, бостан и крмена пченка, а добри се приносите и на краставици, кромид и луцерка.

Во делот на овошните стебла и производството на овошје, најчесто вкупниот број на стебла е идентичен со бројот на плодни стебла речиси кај сите овошја со исклучок на сливите во 2014 година каде бројот на плодни стебла е помал од вкупниот број на стебла. Во Општина Сопиште најбројни се овошните стебла на цреша, сливи и јаболка а најмалку се застапени овошни стебла на бадеми и круши.

Иако вкупното производство на цреши и вишни е намалено во 2017 година во споредба со претходната година, сепак, највисок принос во килограм по едно стебло

има токму кај црешите и вишните. Високи приноси во килограм по едно стебло има и кај оревите, сливите и нивното производство е зголемено во 2017 година во однос на претходната година.

Табела 12. Број на овошни стебла и производство на овошје

| **ЦРЕШИ** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на стебла | 3800 | 3800 | 3800 | 3800 | |
| Број на родни стебла | 3800 | 3800 | 3800 | 3800 | |
| Вкупно производство во тони | 151 | 118 | 110 | 90 | |
| Кг по стебло | 40 | 31 | 29 | 24 | |
| | | | | | |
| **ВИШНИ** | | | | | |
| Вкупен број на стебла | 1060 | 1060 | 1600 | 1600 | |
| Број на родни стебла | 1060 | 1060 | 1600 | 1600 | |
| Вкупно производство во тони | 35 | 36 | 38 | 34 | |
| Кг по стебло | 33 | 34 | 24 | 21 | |
| | | | | | |
| **КАЈСИИ** | | | | | |
| Вкупен број на стебла | 1320 | 1320 | 1320 | 1320 | |
| Број на родни стебла | 1320 | 1320 | 1320 | 1320 | |
| Вкупно производство во тони | 52 | 34 | 26 | 33 | |
| Кг по стебло | 40 | 25 | 20 | 25 | |
| | | | | | |
| **ДУЊИ** | | | | | |
| Вкупен број на стебла | 560 | 560 | 560 | 560 | |
| Број на родни стебла | 560 | 560 | 560 | 560 | |
| Вкупно производство во тони | 7 | 14 | 12 | 16 | |
| Кг по стебло | 12 | 25 | 21 | 28 | |
| | | | | | |

| **ЈАБОЛКА** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на стебла | 1760 | 1760 | 1760 | 1760 | |
| Број на родни стебла | 1760 | 1760 | 1760 | 1760 | |
| Вкупно производство во тони | 40 | 55 | 40 | 56 | |
| Кг по стебло | 23 | 31 | 23 | 32 | |
| **КРУШИ** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | |
| Вкупен број на стебла | 780 | 780 | 780 | 780 | |
| Број на родни стебла | 780 | 780 | 780 | 780 | |
| Вкупно производство во тони | 16 | 23 | 16 | 21 | |
| Кг по стебло | 21 | 29 | 20 | 27 | |
| | | | | | |
| **СЛИВИ** | | | | | |
| Вкупен број на стебла | 3280 | 3080 | 3080 | 3080 | |
| Број на родни стебла | 3080 | 3080 | 3080 | 3080 | |
| Вкупно производство во тони | 86 | 104 | 76 | 94 | |
| Кг по стебло | 28 | 34 | 25 | 31 | |
| | | | | | |
| **ПРАСКИ** | | | | | |
| Вкупен број на стебла | 1420 | 1420 | 1420 | 1420 | |
| Број на родни стебла | 1420 | 1420 | 1420 | 1420 | |
| Вкупно производство во тони | 22 | 39 | 19 | 40 | |
| Кг по стебло | 16 | 28 | 13 | 28 | |
| | | | | | |

| ОРЕВИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на стебла | 1640 | 1640 | 1640 | 1640 | |
| Број на родни стебла | 1640 | 1640 | 1640 | 1640 | |
| Вкупно производство во тони | 37 | 69 | 34 | 60 | |
| Кг по стебло | 23 | 42 | 20 | 36 | |
| | | | | | |

| БАДЕМИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на стебла | 225 | 225 | 225 | 225 | |
| Број на родни стебла | 225 | 225 | 225 | 225 | |
| Вкупно производство во тони | 2 | 5 | 4 | 5 | |
| Кг по стебло | 10 | 24 | 17 | 24 | |

Во Општина Сопиште не толку значајна земјоделска култура е грозјето и лозарството. Лозјата како обработлива површина се на третото место после ораниците и бавчите и ливадите. Површините под лоза, производството на грозје и продуктивноста на лозовите пенушки се презентирани во следнава табела.

Табела 13. Површини и производство на лозја

| година | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|
| Родна површина хектари | 68 | 68 | 68 | 68 |
| Вкупен број пенушки | 238 | 238 | 238 | 238 |
| Број на родни пенушки | 238 | 238 | 238 | 238 |
| Вкупно производство во тони | 435 | 400 | 371 | 292 |
| Кг по хектар | 6403 | 5878 | 5451 | 4298 |

*Извор: Државен Завод за Статистика*

Иако родната површина и бројот на родни лозови пенушки не е променет во периодот од 2014 до 2017 година, сепак вкупното производство  на грозје се намалува од година во година. Во 2014 година, приносот на лозјето по хектар бил највисок и изнесувал 6.403 килограми по хектар додека во 2017 година изнесувал 4.298 килограми по хектар.

## Туризам

Постојат значителни потенцијали за развој на туризмот, и тоа првенствено спортски, планински, и културен.

Општината изобилува со богатство на природни реткости и убавини, културни и религиозни споменици и вредни и ретки историско-археолошки ископини од праисторијата. Во с. Говрлево е лоцирана најстарата неолитска населба на Балканот со најзначајните откритија од тој период: Мајката од Говрлево  и Милениумскиот Адам. Во Говрлево постојат и многу црковни храмови. Во с. Нова Брезница се наоѓа познатата брана Козјак со многу убава природа. На територијата на општината се наоѓа и националниот парк Јасен кој изобилува со пештери и подземни реки.

Општина Сопиште како рурална општина има високи потенцијали за развој на туризмот и искористување на културно – историското наследство. Искористувањето на природните богатства и реткости кои ги има општината е од големо значење за поттикнување и зајакнување на туризмот преку негова промоција.

## Перцепции на граѓаните од Општина Сопиште за унапредување на локалниот економски развој на општината

Со цел зголемување на вклученоста и информираноста на граѓаните за процесите на носење локални политики и реализација на активностите на општината, во месец август беше спроведено теренско истражување за степенот на информираност на граѓаните од Општина Сопиште за локалниот економски развој. Теренското истражување преку спроведени анкетни прашалници беа основа за организирање на јавна дебата меѓу граѓаните и носителите на локални политики во општината. На јавната дебата присуствуваа 30 жители од општината и едногласно се изјасниja дека треба да продолжи ваквата пракса за информирање и вклучување на граѓаните преку јавна дебата за било која тема.

Слика 3.
Перцепции на граѓаните од Општина Сопиште за степенот на информираност




*Извор: Пресметка на авторот со податоци од теренско истражување*

Граѓаните од Општина Сопиште имаат високо мислење (дадоа просечна оцена 4,38 од можна максимална оцена 5) за придобивките од јавната дебата со цел соочување на нивните преференци и мислења со претставници од општината.

Во однос на Стратегијата за локален економски развој 2011-2015 година на Општина Сопиште, граѓаните се изјаснија со средна оцена за успешност на реализацијата на програмите согласно приоритетните области кои се дефинирани во истата.

Граѓаните сметаат дека со цел унапредување на локалниот економски развој, Општината најмногу вложува средства за инфраструктура, животна средина и одржлив развој и развој на туризмот. Од друга страна, на прашањето Во која област треба да продолжи да вложува средства Општината за унапредувањена локалниот економски развој, граѓаните ги идентификувале како клучни области инфраструктурата, економија – МСП, индустрија и иновации и урбанизам и просторно планирање.

Слика 4. Перцепции на граѓаните од Општина Сопиште за приоритетните области дефинирани за унапредување на локалниот економски развој на општината




*Извор: Пресметка на авторот со податоци од теренско истражување*

Општина Сопиште како рурална општина има голем потенцијал за рурален развој посебно во делот на земјоделството. Земјоделството како неискористен потенцијал кој го нуди оваа општината а е тесно поврзан со унапредување на економскиот развој на општината не е доволно промовирано. Со цел поттикнување на руралниот развој во Општината, граѓаните идентификуваа три клучни стратешки области во кои е неопходно да се работи:

1. Инфраструктура - патишта, водовод и канализација - од голема важност е поставување на водоводна и канализација мрежа со цел олеснување на пристапот за наводнување кој игра клучна улога исклучиво во развојот на земјоделството;
2. Развој на економија и вработување - вложувањето во рурален развој на општината ќе придонесе кон развивање на некои комплементарни гранки кои може да придонесат кон подобрување на економијата во целост;
3. Донесување на урбанистички план - изградба на капацитети и објекти пред се од туристички карактер со претходно дефиниран урбанистички план.

## Стратешко планирање - визија, приоритети и стратешки цели

### *Мисија*

Како општина со високи потенцијали, пред се како средина со високи еколошки квалитети, општината се залага за развој и искористување на природните и човечки ресурси, преку креирање стратешки партнерства што води до подобрување на животниот

стандард на локалното население и рамномерен и одржлив развој. Општината се залага за континуирано поттикнување на конкурентноста во земјоделството, препознатливост по поставените стандарди за еколошка средина, вложувањата во проекти за развој на туризмот, унапредување на животната средина и активно вложување во младите, спортот и културното историско наследство.

## Визија

До 2025 година Општина Сопиште да продолжи да биде посакувано место за постојано живеење и инвестирање, препознатливо по развиеното и современо земјоделско производство, обновливи извори на енергија, туристичката понуда и еколошки чистата средина.

## Вредности

- Посветеност

Во заложбите за одржлив развој Општината е посветена на воспоставување и одржување административни и финансиски добри пракси за ефикасно и ефективно испорачување на услугите кон жителите на општината.

- Одговорност

Општината е одговорна, отчетна и транспарентна. Се вложува во развивање на човечките ресурси и вложува напор барањата на жителите за испорачување услуги навремено да ги одговори.

- Инклузивност

Општината се залага, во рамките на можностите, да ги вклучи граѓаните во предлагање на политики, кои се од општествена корист за сите жители.

- Партнерства

Општината ги препознава вредностите од создавање стратешки партнерства со бизнис заедницата, граѓанскиот сектор и други засегнати страни за развој на општината.

## Стратешки приоритети

Мини анализата ги утврдува приоритетите на Општината, во однос на руралниот развој, кои ќе послужат како основа во развивањето на Стратегијата за локален економски развој.

**Приоритетна област 1:** Зголемување на конкурентската способност на земјоделскиот и на шумарскиот сектор насочена кон промовирање на:

- знаење и унапредување на човечкиот потенцијал во руралните средини;
- реструктуирање и развој на инфраструктурниот потенцијал;
- промовирање на иновативни практики и

- подобрување на квалитетот на земјоделски производи преку поддршка на економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност.

**Приоритетна област 2:** Заштита и унапредување на животната средина и руралните предели е насочена кон промоција на:

- земјоделски производни практики за одржливо користење на земјоделско земјиште,
- зачувување на растителната и животинската разновидност и
- унапредување на квалитетот на почвата, водата и воздухот.

**Приоритетна област 3:** Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини и поттикнување на диверзификација на економски активности во руралните средини вклучува:

- поддршка на капитални инвестиции за воспоставување и јакнење на микро и мали претпријатија во рурални средини,
- капитални инвестиции во рурална инфраструктура и
- обезбедување на поддршка за обука и информирање на физички и правни лица кои вршат дејност во руралните подрачја.

**Приоритетна област 4:** Поттикнување на локален развој на рурални средини:

- преку мерките наменети за поддршка на реализација на стратегии за локален развој на рурални средини.

**Приоритетна област 5:** Поттикнување на туризмот во услови на еколошки развиена Општина:

- преку мерки и фондови наменети за поддршка на туризмот во рурални средини.
- обезбедување на поддршка за обука и информирање на физички и правни лица за искористување на фондовите за развој на туризмот во руралните средини.

## Стратешки цели

Во согласност со горенаведените приоритети и стратешките цели на национално ниво и на ниво на ЕУ, како генерални стратешки цели, во ова фаза се поставуваат следните стратешки цели:

**Стратешка цел 1:** Формализирање на Локалната акциска група.

**Стратешка цел 2:** Подобрување на стандардот за живеење на населението преку поттикнување на конкурентноста на руралните средини и креирање и одржување вработувања.

**Стратешка цел 3:** Одржливо управување со животната средина и искористување на обновливите извори на енергија.

Стратешка цел 4: Зачувување на традиционалните вредности и заштита на културно-историското наследство на регионот.

Секоја стратешка цел треба да содржи конкретни цели составени од соодветни програми, понатаму поделени на поединечни проекти, кои дополнително би се развиле при изработката на деталната Стратегија за рурален развој. При деталното планирање на проектите за исполнување на целите, ќе се вклучат сите засегнати страни.

## SWOT Анализа (Анализа на силни и слаби страни, можности и закани)

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| ➢ Еколошки чиста животна средина;<br>➢ Поволни климатски услови за развој на селски туризам<br>➢ Природни ресурси (почва, вода, чист воздух, соларна енергија)<br>➢ Развиеност на секторите земјоделство, шумарство (обработливо земјиште, река, пасишта, шуми, шумски плодови, билки и дивеч)<br>➢ Негување на културата и традиционалните обичаи;<br>➢ Традиционална гостопримливост на населението;<br>➢ Соживот и мултиетничност на населението. | ➢ Еколошки чиста животна средина;<br>➢ Поволни климатски услови за развој на селски туризам<br>➢ Природни ресурси (почва, вода, чист воздух, соларна енергија)<br>➢ Развиеност на секторите земјоделство, шумарство (обработливо земјиште, река, пасишта, шуми, шумски плодови, билки и дивеч)<br>➢ Негување на културата и традиционалните обичаи;<br>➢ Традиционална гостопримливост на населението;<br>➢ Соживот и мултиетничност на населението;<br>➢ Постоење на археолошки локалитети;<br>➢ Високо мотивирана заедница за развој на туризмот. |
| **Можности** | **Закани** |
| ➢ Искористување на националните и европските фондови за поддршка и развој на земјоделството и руралниот развој<br>➢ Можности за користење на субвенции од Владата на РМ<br>➢ Можности за користење на Зелена нафта со нејзино воведување на македонскиот пазар<br>➢ Интерес за инвестиции во регионот;<br>➢ Стандардизација на производи со можност за извоз;<br>➢ Брендирање на регионот и локалните земјоделски производи;<br>➢ Правилно управување и искористување на шумското богатство;<br>➢ Здружување на земјоделците и формирање на земјоделски здруженија<br>➢ Засилена промоција на потенцијалите и ресурсите во регионот;<br>➢ Производство на здрава органска храна. | ➢ Миграција на руралното население во урбаните средини и надвор од државата;<br>➢ Губење на традиционалните идентитети на руралните средини;<br>➢ Намалување на донаторската помош за рурален развој;<br>➢ Низок степен на соработка со надлежните министерства<br>➢ Неисплатени субвенции или штета за уништено земјоделско производство од елементарни непогоди<br>➢ Несоодветна институционална поддршка за примарните земјоделски производители и преработувачкиот сектор во областа на информирање, финансирање, организирање и даночно ослободување. |

## Заклучни согледувања

Изработката на оваа анализа е во насока на идентификување на клучните потенцијали на Општина Сопиште и можностите за рурален развој на општината. Целите идентификувани во оваа анализа, имаат за цел поттикнување на искористување на потенцијалите со кои располага Општината, но и вклученост на засегнатите страни како што се пред се граѓаните, граѓанските организации бизнис заедницата и потенцијалните инвеститори, кои преку заеднички усогласени активности можат да придонесат Општина Сопиште да биде посакувано место за постојано живеалиште, но и туристичка дестинација за рекреација.

Идентификуваните приоритети на Општината за рурален развој, произлегуваат пред се од перцепциите на граѓаните, но и како дополнување на приоритетите кои самата Општина, ги има идентификувано во своите застарени стратешки документи. Поради тоа, оваа анализа, ќе послужи како основа за обновување на стратешките документи на општината, кои се со помината важност, како што е Стратегијата за локален економски развој, но пред се ќе послужи за изготвување на Стратегија за рурален развој, како и потстратегии и акциски планови кои детално ќе ги разработат потенцијалите на Општината во насока на нејзин рурален развој.

За приоритетите кои се идентификувани во оваа анализа, потребано е детално планирање на активностите со кои ќе се остварат истите, за кои пак, Општината треба да обезбеди финансиски средства. За истите потребно е да се направи детално планирање на изворите на средствата кои се на располагање: Буџет на Општина Сопиште, странски фондови за развој, како и инвестиции од бизнис секторот на капитални проекти кои ќе бидат од општ интерес. Општината има можност да ги разледа и можностите за јавно приватно партнерство во насока на прибирање на фондови за финансирање на проекти кои се од значање на развојот на општината.

Постигнувањето на целите од анализата за рурален развој во Општина Сопиште, претпоставува широка вклученост на заедницата и учество на јавноста во креирањето на политики на локално ниво. Соработката и координацијата на Локалната самоуправа со руралното население и останатите граѓани, е од суштинска важност за целиот процес на рурален развој во општина Сопиште. По изработка на стратешките документи кои ќе се базираат на на оваа анзализа, потребно е да се утврди и начинот на управување и координација на активностите, односно мониторингот на реализацијата на истите. Управувањето и координацијата треба да го насочуваат целиот процес преку застапување на општиот интерес, обезбедување на материјална и друг вид на поддршка, развивање на соработка со институции, организации, правни и физички лица, грижа за постојан напредок на целокупниот процес и како и изготвување на Извештај за постигнатите резултати.

Проект: Зголемување на моќта на граѓаните во нивното влијание
на локалните политики на општина Сопиште финансиски поддржан
од Фондација Отворено Општество - Македонија

Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот,
и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата
и ставовите на Фондацијата Отворено општество - Македонија“